ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:31-268/3**

**Дата: 14.03.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Општина Крива Паланка за 2009 година.

При ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, при што е констатирано дека од вкупно дадените единаесет препораки девет се спроведени, а две не се спроведени.

За финансиските извештаи за 2009 година на сметката на основниот буџет (637) на Општина Крива Паланка изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста како и за усогласеност со закони и прописи.

Во Општина Крива Паланка не се воспоставени интерни контроли кај процесот на плаќање кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање.
Поради пренесени неплатени обврски од претходни години во износ од 20.562 илјади денари, пренесени како почетно салдо во 2009 година, надлежните во општината се судруваат со отежнати услови за работење и во 2009 година во значителен износ се вршат плаќања на обврски од поранешни години (2006, 2007, 2008 година).

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

Извршен е трансфер на средства до здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации врз основа на поднесени барања, а на основа одлуки за доделување на средства од Советот и Градоначалникот на Општина Крива Паланка без донесена Програма за финансирање на активностите на невладини организации и спортски клубови за 2009 година, без објавување на оглас за доделување на средства, без програми од барателите и без извештаи за користење на средствата.
Општина Крива Паланка врши набавки на градежни и други материјали за кои не постои материјална евиденција и документација од која може да се види каде истите се вградени.

**1. Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Крива Паланка, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основниот буџет (637) на Општина Крива Паланка за 2005 година. Изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основниот буџет (637) на Општина Крива Паланка под 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, и негативно мислење за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Драги Трајчевски, градоначалник до 31.03. 2009 година, и
- Арсенчо Алексовски, градоначалник од 01.04. 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки,

избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основниот буџет (637) на Општина Крива Паланка за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од

материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.11. до 08.12.2010 година кај Општина Крива Паланка од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година.

## 4. Наоди и препораки

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на субјектот предмет на ревизијата и раководни лица на поодделни сектори на Општина Крива Паланка, на 15.12.20010 година.
На ден 08.02.2011 година, примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, број 12-197/4 од 30.12.2010 година од Градоначалникот на Општина Крива Паланка. Забелешките не се доставени во законски утврдениот рок, истите се разгледани и е оценето дека не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

**4.1.1. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што не е во согласност со одредбите на членовите 5 и 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и членот 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причините за овие ризици се следните:

- недонесени пишани процедури за движење на документацијата во кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и вредостојноста на трансакциите;
- и покрај тоа што е назначен одговорен сметководител од 2007 година, истиот не постапува согласно овластувањата и надлежностите пропишани во законската регулатива.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Крива Паланка да ги преземе следните активности:

- да донесе пишани процедури за движење на документацијата и процесите во општината да се документираат на начин кој ќе овозможи следење на работењето и текот на трансакциите;
- да наложи одговорниот сметководител да постапува согласно овластувањата кои му се дадени со законската регулатива.

**4.2. Финансиски извештаи**

4.2.1. Во 2009 година е исплатен регрес за годишен одмор во вкупен износ од 540 илјади денари, или на секој вработен по 10 илјади денари. Исплатата е извршена согласно Одлуката за извршување на буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година. Согласно Законот за државни службеници, државните службеници имаат право на надоместоци од плата и на други надоместоци чија висина треба да ја утврдат со Одлуката за извршување на буџетот. Бидејќи со овој Закон се уредува системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници, а во членот 52, став 2 каде се утврдени другите надоместоци на кои имаат право државните службеници не е наведен регресот за годишен одмор, исплатата на таков надоместок нема законски основ.

Исплатите на вработените кои немаат законски основ претставува ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да одобрува исплата на надоместоци на плата, на кои државните службеници имаат право под услови и критериуми утврдени со Законот за државни службеници.

4.2.2. Во текот на 2009 година по основ на трансфери до невладини организации со одлуки на советот и решенија на градоначалникот на Општина Крива Паланка исплатени се средства во вкупен износ од 349 илјади денари до здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации.
Средствата се доделени врз основа на поднесени барања. Градоначалникот на Општина Крива Паланка донел решенија за доделување на средства, без донесена Програма од советот, без објавување на оглас за доделување на средства, без советот да ги добие и одобри програмите од барателите (за утврдување на висината на средствата со кои ќе учествува општината). За користењето на средствата не се доставени извештаи до советот од корисниците на средствата. Ова не е во согласност со член 61 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, членот 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт и член 8 од Законот за локална самоуправа. Ваквиот начин на доделување на средства создава можност за нетранспарентно, незаконско и ненаменско користење на средствата.
Дел од овие средства во износ од 99 илјади денари се исплатени од позицијата на постојаната и тековната буџетска резерва. Одобрените средства од тековната резерва, согласно Законот за буџетите се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни, а од постојаната резерва средствата се користат за отстранување на последиците од елементарни непогоди, епидемии или еколошки катастрофи.
Исплатите за финансирање на програми на здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации од резервите значи ненаменско користење на средства.

**Препорака:**
- доделување средства до невладини организации, здруженија, друштва и фондации, да се врши согласно Законот за здруженија и фондации;
- советот на Општината да донесе акт за постапката за реализација на трансфери на средства и начинот на отчет на спортските клубови за потрошените средства согласно Законот за спорт, и
- во Буџетот да се планираат средства за невладини организации здруженија, друштва и фондации, во рамките на соодветната програма. За оваа намена да не се користат средствата од резервите.

4.2.3. Од позицијата Тековни резерви исплатени се средства во износ од 62 илјади денари за социјална помош на граѓани. Одобрените средства во тековната резерва,

согласно Законот за буџетите се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни. Исплатите за социјална помош од тековните резерви значи ненаменско користење на средства.
Согласно член 22 од Законот за локална самоуправа, социјалната заштита спаѓа во надлежностите на општините, а истовремено со Законот за социјална заштита во членот 11 е уредено дека општините организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита преку донесување сопствени развојни програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита.
Овие исплати се вршени со решенија донесени од градоначалникот на општината. За истите не постои Програма со утврдени цели и активности, донесена од советот на општината, нема утврдени критериуми за доделување на средствата, што создава можност за субјективно постапување и одлучување при нивното доделување и ненаменско трошење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита.

**Препорака:**
По предлог на градоначалникот, советот на општината согласно Законот за социјална заштита да донесе Програма за социјална заштита во која ќе се утврдат критериумите и постапката за доделување на средства за парична помош на физички лица.

4.2.4. Општина Крива Паланка во 2009 година за извршени набавки на градежни и водоинсталациони материјали има направени расходи во износ од 358 илјади денари. За истите не се води сметководствена евиденција за приемот и издавањето, поради што не се знае колку од материјалите се примени колку се издадени и употребени за потребите на општината. За трошењето на материјалите и извршување на работите не е дадена на увид документација со која се потврдува нивното вградување во конкретен објект, што не е во согласност со членот 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Овој начин на работење создава ризик за ненамеско користење на средствата со кои располага општината.

**Препорака:**
- Градоначалникот на општината да не одобрува плаќања без комплетна документација.
- За набавените материјали да се воведе материјална евиденција (магацинско работење).

4.2.5. Во 2009 година во Општина Крива Паланка со статус на привремени вработувања континуирано преку агенција за привремени вработувања се ангажирани 6 лица кои извршуваат работи на работно место: советник – шеф на

кабинетот на градоначалникот, 4 референти – комунални редари и возач. Овие работни места се утврдени во Правилникот за систематизација на работите и работните задачи во Општина Крива Паланка. Ангажирањето на овие лица е спротивно на член 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања.
Согласно законските одредби Агенцијата за привремени вработувања може врз основа на договор да отстапи работник и тоа за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности.
Ангажирањето на лица преку агенции за привремени вработувања ја намалува транспарентноста при вработувањето и конкуренцијата и придонесува за субјективно постапување и ги доведува во повластена положба овие лица. Комунални редари се ангажирани и во текот на 2010 година преку избрана агенција за привремени вработувања.
По овој основ за 2009 година фактурирано е 1.594 илјади денари, а исплатено е 1.287 илјади денари.

**Препорака:**
Градоначалникот согласно потребите и можностите на Општината пополнувањето на систематизираните работни места да го врши согласно законски пропишаните процедури за обезбедување квалитетна, независна и професионална администрација.

4.2.6. На сметката Обврски спрема работници искажан е износ од 250 илјади денари, обврска спрема две лица вработени во општинската администрација на работни задачи во секторот/одделението за урбанизам и уредување на градежното земјиште. Обврската произлегува од склучени договори за дело помеѓу овие лица и градоначалникот на општина Крива Паланка во 2005 и 2006 година за вршење на стручен надзор на изградба на објекти кај кои општината се јавува како инвеститор. Ангажирањето на овие лица со договор на дело за вршење на работи кои се нивна редовна работна задача, не е во согласност со законските прописи и доведува до незаконско и ненаменско трошење на средствата на општината.
Во текот на 2009 година на едно од лицата по овој основ е исплатен дел од надоместок во износ од 68 илјади денари со пресметан и платен персонален данок на доход за извршен надзор при реконструкција на дел од улица „Маршал Тито".
Искажаните обврски и трошоци по овој основ се нереални и необјективни од причина што на ревизијата не и беше презентирана документација со која ќе се потврди дека вршењето на надзорот е надвор од работното време.

**Препорака:**
За ангажирање на лица вработени во општинската администрација, градоначалникот да ги почитува одредбите од Законот за државни службеници.

4.2.7. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 - Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирени обврски во вкупен износ од 33.264 илјади денари беа испратени 14 конфирмации кон добавувачите, кои опфаќаат 89% од вкупните обврски на Општина Крива Паланка.
Од испратените конфирмации, до денот на завршување на ревизијата се добиени одговори од 12 комитенти (92% од испратените конфирмации), од кои четири конфирмации во износ од 1.432 илјади денари ја потврдија сметководствената состојба (5% од обврските), со осум добавувачи во вкупен износ од 25.885 илјади денари не се усогласени состојбите (87% од обврските), односно неусогласеноста изнесува 3.297 илјади денари повеќе искажан износ кај доверителите или во проценти 11%, додека за две конфирмации во вкупен износ од 2.258 илјади денари (8% од обврските) не се добиени одговори.
Врз основа на изнесеното ревизијата не обезбеди доказ дека обврските кон добавувачите во Билансот на состојба се реално и објективно искажани.

**Препорака:**
Одделението за финансии во Општина Крива Паланка редовно да врши усогласување на обврските со комитентите.

### 4.3. Користење на средствата согласно законските прописи

При увидот на правилноста и законитоста на постапките за јавни набавки ревизијата го утврди следното:

4.3.1. За набавки во износ од 236 илјади денари направени во 2006 година кои имаат влијание на финансиските извештаи за 2009 година не се спроведени постапки за јавни набавки што е спротивно на член 72 став 1 од Законот за јавни набавки кој е во важност во тој период и за набавки од 64 илјади денари во 2009 година не е спроведена постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 100 од Законот за јавни набавки. (Прилог 2 кон нацрт извештајот)

4.3.2. За поплочување на ул.„Илинденска“, „Р.Минев“, „8-ми Октомври“, „Крушевска“ и „Орце Николов“ склучен е договор во 2008 година на износ 2.838 илјади денари со ДДВ и анекс договор од 2009 година на износ 852 илјади денари со ДДВ што е 30% од вредноста на основниот договор или вкупна договорена вредност од 3.690 илјади денари. Според градежните ситуации и фактурите од изведувачот, извршена е работа за вкупен износ од 4.325 илјади денари, или повеќе за износ од 635 илјади денари, за кој износ не е спроведена постапка за јавна набавка, што претставува непочитување на вредноста од договорот и анексот и создавање обврски на општината кои не се регулирани со договор согласно законските прописи. За склучување на анекс договорот не претходела постапка за зголемен

обем на работа, односно писмено известување од надзорот за причината поради која имало потреба од дополнителни работи кои не можело да се предвидат со основниот договор, согласност на инвеститорот и спроведена постапка согласно член 99 од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**
Градоначалникот да пропише процедура која ќе се применува во случаи кога има потреба на склучување на анекси кон договорите за градба поради дополнителни работи или услуги.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основниот буџет (637) на Општина Крива Паланка на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основниот буџет (637) на Општина Крива Паланка, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 01.03. 2011 година

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**СМЕТКА НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ (637)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 49.137 | 54.794 |
| **Вкупно приходи** | | **49.137** | **54.794** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 20.987 | 18.403 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 162 | 113 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 18.676 | 15.786 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 547 | 4.290 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **40.372** | **38.592** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 8.765 | 16.202 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **8.765** | **16.202** |
| **Вкупно расходи** | | **49.137** | **54.794** |

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

СМЕТКА НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 29 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 36.523 | 24.044 |
| **Вкупно тековни средства** | | **36.552** | **24.044** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 0 | 1.709 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 3.202 | 3.202 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 143.195 | 84.618 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.4. | 2.031 | 28.913 |
| **Вкупно постојани средства** | | **148.428** | **118.442** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **184.980** | **142.486** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 33.264 | 20.562 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 1.841 | 1.962 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 1.447 | 1.520 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 2.031 | 30.621 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **38.583** | **54.665** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 146.397 | 87.821 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **146.397** | **87.821** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **184.980** | **142.486** |

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

СМЕТКА НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **87.821** | - | **87.821** |
| **Зголемување по основ на:** | - | - | - |
| Набавки | 3.899 | - | 3.899 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | - |
| Пренос од средства во подготовка | 54.054 | | 54.054 |
| Ревалоризација на капитални средства | 4.245 | | 4.245 |
| Расходување | | | - |
| **Намалување по основ на:** | | - | |
| Отпис на капитални средства | | | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | |
| Амортизација | 3.622 | | 3.622 |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **146.397** | | **146.397** |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ______________________________

2. ______________________________ ______________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 05-360/1
03. 02 2011 год.
КРИВА ПАЛАНКА


ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 08.02.2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 31 | 268/1 | | |

ДО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Државен завод за ревизија –

СКОПЈЕ

**ПРЕДМЕТ: Доставување на забелешки по Нацрт Извештај**

**Почитувани,**

По разгледување по Нацрт-Извештајот доставен од Ваша страна под бр. 12-197/7 од 03.01.2011 година имаме неколку забелешки и тоа:

- Нацрт – Извештај на Општина Крива Паланка за сметка Основен буџет (637);

- во точка 4.2.1 исплатата на регрес за годишен одмор во вкупен износ од 540.000,00 денари, сметаме дека е заснован на Закон односно со Законот за исплата на плати оваа материја е регулирана кој што е во важност се уште, постои несогласување меѓу Законот за државни службеници и Законот за исплата на плати, значи Законодавниот дом треба да изврши усоглсување на надоместоците на плати. Покрај државни службеници во Општинската администрација се вработени и недржавни службеници, а законски основ за ваквата исплата е Одлуката за извршување на буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година, и предвидените средства во Буџетот за оваа намена, имаме сознание дека во текот на 2009 година кај што Заводот за државна ревизија има вршено контрола во ЕЛС кои што имаат исплатено регрес за годишен одмор не е најдена забелешка.

Присуствувајки на работилниците за подготвување на Буџетот и Завршната сметка на ЕЛС, претставници на Министерството за финансии и на Заводот за државна ревизија како експерти ни укажуваат дека регресот за годишен одмор има законски основ и истиот може да го планираме и исплатуваме со персонален данок.

- во точка 4.2.2. во став 2 е наведено дека за користење на средствата не се доставени извештај до Советот од корисниците на средства.

Сметаме дека со Годишниот извештај за користење на средствата од резервата на Општина Крива Паланка за 2009 година кој е усвоен од Советот на Општина Крива Паланка под бр. 07-824/5 од 12.03.2010 година јасно е кажано за што и како се трошени средствата.

- во точка 4.3.2. во Договорот за јавна набавка склучен под број 19-2845/1 од 01.12.2008 година за изведување на градежни работи – изградба – поплочување со камени плочи на Ул.„Илинденска", „Ратко Миниев", „8-ми Октомври", „Крушевска" и „Орце Николов" – Крива Паланка, констатирано е дека изведувачот изврши работи повеќе од Договорто за 635.000,00 денари, а во член 3 од Договорот е наведено дека камените плочи ќе се исплатат по 250,00 денари по м2 без ДДВ додека вкупната цена и количината на камените плочи ќе се утврди со конечна пресметка, а во член 6 Економскиот оператор од Договор т работите наведени во член 2 во Договорот ќе ги изведе за вкупна вредност од 2.838.299,00 денари, додека во Пресметката е ставено само рачно вградување на камени плочи на подлога од бетон Д-5см. во поединечна од м2 од 600,00денари само за вградување кое нешто е дефинирано и од самиот Договор за јавна набавка.

- во сметката на приходи на Буџетот на дотации (930) во точка 4.1.1. каде што стои констатација дека на 31.12.2009 годинаима неискористени средства од корисниците на наменски дотации во износ од 2.323.000,00 денари како резултат на слабости при распределба на средствата по корисници, сметаме дека е неправилна таа констатација од причина што средствата во висина од 1.857.448,00 денари се дојдени на 31.12.2009 година, корисниците немаа можност истите да ги потрошат иако беа испланирани со Буџетот за 2009 година.

Ве молиме погоре наведените забелешки доколклу сметата дека се оправдани да ги земете во предвид при донесување на конечните извештај.

Со почит.

Прилог:
- Годишен извештај од Советот
- Извод бр. 163 од 31.12.2009 г.
- Договор со Предмер-пресметка

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски**

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки по констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Општина Крива Паланка

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на Општина Крива Паланка за 2009 година на – Сметка на основен буџет (637) добиени се забелешки од градоначалникот на општината, кој за дел од периодот на ревизија бил одговорно лице, под број 05-360/1 од 03.02.2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 31-268/1 од 08.02.2011 година.

**Забелешките не се доставени во законски утврдениот рок.**

Забелешките се однесуваат на наодите од точките: 4.2.1., 4.2.2. и 4.3.2.. Истите се разгледани и е утврдено следното:

Забелешката на наодот од **точка 4.2.1.** која се однесува за исплатата на надомест за регрес за годишен одмор, **не се прифаќа,** од следните причини. Законот за државните службеници, ги уредува статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Исто така, Законот во посебен дел го уредува и системот на плати и надоместоци, во кој дел не е утврдено правото на регрес за годишен одмор за државните службеници. Во Одлуката за извршување на буџетот, Општината е должна да ја пропише висината на надоместоците предвидени со член 52 став 2 од Законот за државни службеници. Во Законот за работни односи во кој се одредени работните односи меѓу работниците и работодавачите, правото на регрес не е утврдено. Со Законот за исплата на платите во Република Македонија, утврдена е висината на регресот за годишен одмор а правото се утврдува со Колективните договори. Во Законот за Државни службеници, во членот 96 е уредено дека: со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува примената на одредбите на колективните договори по прашањата кои се уредени со овој закон. Со Законот за државните службеници се уредува системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници, а во членот 52, став 2 каде се утврдени другите надоместоци на кои имаат право државните службеници не е наведен регресот за годишен одмор.
Со оглед дека во Законот за државните службеници и Законот за работни односи не постојат одредби во кои е утврдено правото на регрес за годишен одмор ниту на

ревизијата и се доставени дополнителни релевантни докази констатациите од Нацрт извештајот остануваат и во Конечниот извештај.

Забелешката на наодот од **точка 4.2.2.** кој се однесува дека до Советот не се доставени извештаи од корисниците на средства од Буџетот (здруженија на граѓани, спортски клубови, хуманитарни организации), **не се прифаќа,** бидејќи е постапено спротивно на Законот за друштва, здруженија и фондации. Не е спорен фактот дека Општината изготвила извештај за користење на средствата од резервите, но на Совет не се доставени извештаи од корисниците на средствата (здруженија на граѓани, спортски клубови, хуманитарни организации), од кои ќе се види за кои намени се потрошени средствата.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.2.** кој се однесува на слабости во постапка за јавна набавка поплочување на улици во Крива Паланка**, не се прифаќа,** бидејќи не се доставени нови докази кои би влијаеле на промена на констатациите на ревизорот изнесени во Нацрт извештајот. Не се презентирани докази за спроведување на постапка за јавна набавка за дополнителни и непредвидени работи согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

**Прилог 3**

**Резултати**

од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Општина Крива Паланка на сметката на основен буџет (637)

| Бр./врска на наодот/ препоракат а во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **10.1.** | **Неправилна примена на акти** | | | |
| 10.1.1. | Општина Крива Паланка во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/65 од 08.02.2000 година, за пренесување направо на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Крива Паланка врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на РМ. Во врска со овој имот општината има обезбедено имотни листи од Републичката геодетска управа и го има искажано во пописните листи за извршениот попис со состојба на 31.12.2005 година, но не е евидентиран во сметководствената евиденција поради тоа што за истиот не е утврдена вредност. Ефект од тоа е нереално искажана состојба на материјалните средства на 31.12.2005 година и нивните извори. | На основа решението, имотни листи и пописот надлежните во општината треба да формираат комисија која ќе изврши проценка на вредноста на материјалните средства и истите да ги евидентираат во сметководствената евиденција. | **спроведена** | |



*Ревизорски тим:*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________

*Овластен државен ревизор*
______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **10.2.** | **Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| 10.2.1. | За Претседателот на советот донесена е одлука од Советот на општина Крива Паланка број 07-470/1 од 23.05.2005 година за професионално извршување на функцијата претседател на Советот на општина Крива Паланка, поради таква пракса која била присутна и во други општини. Тоа е спротивно на член 44 став 3 од Законот за локална самоуправа и има за ефект неоснована исплата на плата и надоместоци од плата и зголемување на расходите. | Да се почитуваат одредбите од Законот за локална самоуправа и Законот за исплата на плати во Република Македонија. | **спроведена** | Постапено е веднаш по дадената препорака во Конечниот извештај за 2005 год. Претседателот на Советот е разрешен со одлука на Совет. |
| 10.2.2. | Не е извршен попис на обврските спрема добавувачите и не е извршен попис на материјали (канализациони цевки и други репроматериијали набавени за изградба на фекална канализација). Исто така не е извршено обележување (инвентарисување) на основните средства со кои располага општина Крива Паланка. Претходно наведеното не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект неточно искажување на билансните позиции и неуредна евиденција на основните средства. | Пописот на средствата и изворите на средства да се врши во целост, а за основните средства да се да се изврши нивно одбележување со инвентарни броеви. | **спроведена** | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10.2.3. | За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и резервни делови нема утврдено конзистентна сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. За поголем дел од набавените материјали не е наведено каде и за кои потреби се потрошени. Тоа се јавува поради не примена на одредбите од претходно споменатиот пропис. Општината нема организиран простор (магацин) за прием на залихите. Неевидентирањето на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење. | Набавката на материјали треба да се регулира со Општ акт со кој:<br>- ќе се утврди потребата за набавка;<br>- ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;<br>- ќе се обезбеди простор за прием на залихите;<br>- ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требување. | **спроведена** | |
| 10.2.4. | Евидентирањето на ситниот инвентар не се врши согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, бидејќи при набавката не се врши зголемување на деловниот фонд, а при давање во употреба со евидентирањето на исправката на вредноста на ситниот инвентар не се евидентира намалување на деловниот фонд. Поради тоа се нема увид во состојбата на залихите на ситен инвентар и ситен инвентар во употреба. | Доследно да се применува Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетските корисници и Правилникот за | **спроведена** | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | класификација на расходите. | | |
| 10.2.5. | Спротивно на надлежностите на општините кои се утврдени со Законот за локална самоуправа, во 2005 година општина Крива Паланка има вршено директни набавки на инвестициони материјали во вкупен износ од 1.943 илјади денари и тоа на:<br>- набавка на репроматеријали (полиетиленски коругирани цевки, канализациони коругирани цевки, армирарано – бетонски прстени, завршни конуси) во износ од 1.890 илјади денари, за кои не е извршен попис и не се евидентирани во книговодството;<br>- набавка на индустриска сол и кварцит за зимско одржување во износ од 53 илјади денари.<br>Извршените директни набавки не се регистрирана дејност на општината, односно овие активности не се во согласност со дејностите за кои е регистрирана општина Крива Паланка. Причина за оваа појава е неправилна примена на одредбите од Законот за локална самоуправа. Несодветното ракување со залихите на материјали може да доведе до зголемени трошоци и можни злоупотреби. | Уредувањето, изградбата, одржувањето на инфраструктурните објекти за кои е надлежна општина Крива Паланка да се довери на субјекти избрани со постапки утврдени со Закон. | **не е спроведена** | |
| **10.3.** | **Неправилности во искажувањето на приходите/расходите** | | | |
| 10.3.1. | Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи е преценета за износ од 1,546 илјади денари, за кој износ се преценети расходите, а е потценет вишокот на приходи | При исплата на плати и надоместоците да се почитуваат одредбите од | **спроведена** | Побарувањето од работници е искажано во Буџетот. |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | над расходи за неоснована исплата на:<br>- 23 илјади денари повеќе пресметана и исплатена плата на градоначалникот поради примена на поголема вредност на основицата за пресметка на плата, спротивно на Законот за исплата на плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката;<br>- 207 илјади денари поради пресметана и исплатена плата на претседателот на советот што е спротивно на Законот за локална самоуправа;<br>- 229 илјади денари повеќе пресметана и исплатена плата на вработените во општинската администрација поради примена на поголема вредност на коефициентот за УНР што е спротивно на Законот за исплата на плати во Република Македонија;<br>- 145 илјади денари поради еднократна исплата на надоместок на вработените во општинската администрација за заштита на животниот стандард што е спротивно на Колективниот договор;<br>- 288 илјади денари повеќе исплатени надоместоци на членовите на советот за одржани седници спротивно на одредбите на Законот за локална самоуправа,<br>- 17 илјади денари повеќе исплатени надоместоци на вработените за заштита на животниот стандард спротивно од општиот колективниот договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и другите правни лица кои вршат нестопанска дејност; | Законот за исплата на плати и Законот за локална самоуправа и другата законска регулатива која ги регулира надоместоците. | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________
*2.* ______________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - 74 илјади денари повеќе исплатени надоместоци-паушали на градоначалникот и секретарот на Советот што е спротивно на Законот за исплата на плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката;<br>- 50 илјади денари повеќе исплатени надоместоци на членови на комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот за дополнителен ангажман,и<br>- 513 илјади денари повеќе пресметани и исплатени придонеси и персонален данок на плата за повеќе исплатените основни плати и надоместоци. | | | |
| 11.3.2 | Ставката - Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи, во делот на потставката Основни плати- функционери е прецената, за исплатената нето функционерска плата на секретарот на Советот, за кој износ е потценета потставката Основни плати- работници. Наведеното е спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката.<br>Поради непостоење на акт за пресметка на плата на погоре наведеното лице, во согласност со критериумите кои важат за органите на Општината, ревизијата не е во состојба да го квантифицира ефектот на претходниот наод врз вишокот на приходи над расходи. | При исплатата на платите треба да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица, за лицата кои имаат третман на функционери, а за останатите Законот за исплата на плати. | **спроведена** | |
| 11.3.3. | Расходите и приходите во Билансот на приходи и расходи се | Да не се практикуваат | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | искажани во помал износ за 8.327 илјади денари поради не евидентирани плаќања регулирани со договори за цесии и асигнација на општина Крива Паланка, а такви се:<br>- со Министерсвото за транспорт и врски, Министерство за финансии и добавувачот „Конти Хидропласт„ Гевгелија за вкупен износ од 2.939 илјади денари;<br>- со Министерство за земјоделие, Министерство за транспорт и врски и добавувачот „Конструктор Скопје 92„ ДОО Скопје за износ од 2.400 илјади денари и<br>- со Бирото за стопански недоволно развиени подрачја и добавувачот „ Сандра Комерц - 94„ ДООЕЛ Скопје за износ од 762 илјади денари, а за износ од 2.226 илјади денари кој е платен по прва времена ситуација за реконструкција на улица „Маршал Тито„ на ревизијата не е дадена на увид документацијата за плаќање. Со цесиите и асигнациите е договорено обврските спрема добавувачите наместо општина Крива Паланка да ги извршат претходно споменатите субјекти. Не евидентирањето е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Како причина за неевидентирањето од страна на надлежните е истакнато неприфаќањето на налозите од страна на трезорот. Ефектот од таквата пракса е нереално искажување на состојбата на обврските спрема добавувачите во книговодството и нереално искажување на приходите и расходите | формите на плаќање како цесии и асигнациии бидејќи го нарушуваат буџетскиот принцип на евидентирање во сметководството. | **спроведена** | |
| 11.3.4. | Во месец декември 2005 година извршена е исплата на патни сметки за службени патувања во земјата од 2003 година за износ | Да се врши навремено евидентирање на | **спроведена** | |



*Ревизорски тим:*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________

*Овластен државен ревизор*
______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | од 31 илјада денари и патни сметки за службени патувања во земјата од 2004 година за износ од 30 илјади денари. Во книговодството на општина Крива Паланка нема евидентирано обврски по овој основ пренесени како почетни состојби во 2005 година спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а кои потекнуваат од не истплатени патни сметки од 2003 и 2004 година. Поради тоа ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на настанатите трошоци и за оправданоста на исплатените средства. | обврските на општината спрема вработените со што и исплатата ќе биде на основа претходно евидентирани и реални обврски. | | |
| **10.4.** | **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| 10.4.1. | Состојбата на позицијата Обврски спрема добавувачите е потценета за износ од 9,468 илјади денари за кој износ е потценета и состојбата на активните временски разграничувања, поради тоа што во книговодствената евиденција и Билансот на состојба не е евидентирана и искажана состојбата на обврските спрема добавувачите пренесени како салдо од 2004 година од Фондот за локални патишта и улици, кој престанал да функционира во 2004 година, во износ од 4.500 илјади денари, обврска спрема добавувачот АД „Пелагонија„ и обврски во вкупен износ од 4.968 илјади денари за не евидентирана документација – градежни ситуации, по основ на набавка на репроматеријали и изградба на инвестициони објекти во 2005 година, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ова од причина што не е воспоставена внатрешна контрола и нема пишани процедури за | Согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници обврските спрема добавувачи да се евидентираат во моментот на настанување на должничко доверителскиот однос, а во врска со плаќањето да се обезбеди комплетна документација и истата да се евидентира во книговодството како платени обврски спрема | **спроведена** | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________
______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | движењето и контролата на документацијата од секторите – одделенијата до книговодството. | добавувачите. | | |
| 10.4.2. | Состојбата на материјалите на залиха е потценета за износ од 1.000 илјади денари за кој износ е потценета состојбата на Деловниот фонд поради не евидентирање на набавени репроматеријали (канализациони цевки и други репроматеријали набавени за изградба на фекална канализација) кои не се потрошени и се наоѓаат во кругот на општинската зграда. Не евидентирањето не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на сметките од сметковниот план за буџетските корисници и има за ефект неточно искажување на билансните позиции. | Да се изврши вонреден попис и да се евидентираат залихите на репроматеријали. | **спроведена** | Се прават редовни пописи секоја година со состојба на 31.12. |
| 10.4.3. | Позицијата Материјални средства е потценета за износ од 3.972 илјади денари и за истиот износ е потценета состојбата на изворите на средствата, поради не евидентирање на документацијата (фактури, градежни ситуации) за завршени објекти и тоа:<br>- фекална канализација на улица „Ристана Гогова„ за износ од 1.398 илјади денари;<br>- фекална канализација во населба „ Белево„ за износ од 890 илјади денари;<br>- изградба на мост на Лучка река во село Подржи коњ за износ од 763 илјади денари,и<br>- реконструкција на котлара од цврсто на течно гориво за износ од 921 илјада денари. | Вложувањата за капитални средства кои имаат влијание на состојбата на материјалните и нематеријалните средства средства во смисла создавање нови и на подобрување на квалитетот, векот на употреба, габаритот и слично на постоечките објекти, истовремено | **спроведена** | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* __________________________
*2.* __________________________ ____________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Тоа е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на сметките од сметковниот план за буџетските корисници. За истите правниот субјект бил должен да изврши соодветно разграничување и да спроведе книжење со кое ќе искаже зголемување на вредноста на материјалните средства и зголемување на Деловниот фонд. | треба да се евидентираат и како зголемување на истите и зголемување на состојбата на изворите на тие средства. | | |
| **10.5.** | **Неправилна примена на Законот за јавни набавки** | | | |
| 10.5.1. | При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2005 година, ревизијата утврди непроменување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 19/04 ...109 /05) и тоа:<br>- нема годишен план за јавни набавки;<br>- во општината не се води регистар за јавни набавки;<br>- за набавки од мала вредност нема донесено Правилник за мали набавки и нема спроведено постапки за набавките од мала вредност во вкупен износ од 1.441 илјада денари (Прилог бр. 1);<br>- спротивно на членот 67 став 2 од Законот за јавни набавки склучен е Анекс договор со Конти хидропласт Гевгелија за изградба на фекална канализација на улица „Ристана Гогова„ Крива Паланка, во кој износот е поголем од 20% од износот на основниот договор;<br>- спротивно на членот 89 став 1 алинеа 1 од Законот за јавни набавки склучен е договор за набавка на репроматеријали (канализациони коругирани цевки, армирарано<br>– бетонски прстени, завршни конуси) за изградба на фекална | Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката. | **спроведена** | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | канализација во населба „Белево„ Крак 3 со добавувачот Конти Хидропласт Гевгелија, а не како утврдениот предмет за набавка во објавениот отворен повик каде е наведено дека јавната набавка е за изградба на фекална канализација во населба „Белево„ Крак 3. Значи извршена е промена на предметот на јавната набавка во договорот поради што согласно наведениот член договорот е ништовен. Во овој случај склучени се два договора по истиот отворен повик за јавна набавка првиот со предмет на набавка изградба на фекална канализација во населба „Белево„ Крак 3, а вториот набавка на репроматеријали за изградба на фекална канализација во населба „Белево„ Крак 3, за ист износ од 890 илјади денари. Наплатата е реализирана со договор за асигнација со Министерството за финансии на РМ за износ 754 илјади денари.<br>- спротивно на членот 58 од Законот за јавни набавки не е почитуван рокот за прием на понудите кој не може да биде пократок од 52 дена од денот на на испраќањето на повикот за објавување. Правниот субјект во сите случаи, со исклучок на повикот за јавна набавка на превоз на ученици од основното образование, го применувал рокот од 36 дена кој се однесува на забрзана постапка која според законот може да се спроведе во случај кога известувањето за планираните годишни набавки на набавувачот е објавено претходно најмалку два месеца на веб страницата на Бирото за јавни набавки или кога итноста на набавката бара нејзино извршување во пократки рокови од предвидените во редовна постапка. Општина Крива Паланка | | | |



*Ревизорски тим:*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________

*Овластен државен ревизор*
________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | нема план за годишни набавки и нема објава на веб страницата на Бирото за јавни набавки.<br>Неспроведување на постапките за јавни набавки согласно Законот создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени. | | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________